# УПАТСТВО ЗА АПЛИЦИРАЊЕ И ДОБИВАЊЕ УВЕРЕНИЈА И ПОТВРДИ ОД КРИВИЧНАТА И КАЗНЕНАТА ЕВИДЕНЦИЈА ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

*Најбрз и наједноставен начин за поднесување барање и добивање:*

- *Уверение од кривична евиденција,*
- *Потврда од казнена евиденција и*
- *Потврда од евиденција за изречена санкција што се состои во забрана на вршење на професија, дејност или должност,*

*за сите правни и физички лица е преку електронската пликација на uslugi.gov.mk*

**I. чекор – Преку било кој интернет пребарувачите ( Mozilla firefox, Google chrome, Microsoft edge… ) отворете го порталот uslugi.gov.mk, кој е достапен на македонски, албански и англиски јазик, и откако ќе ви се појави почетната страна, во горниот десен агол притиснете на полето „Најави се“**




Слика 1

## II. чекор

**Откако ќе ви се отвори полето за најава и:**

1. **Доколку имате креирано профил од претходно, внесете ги корисничкото име и лозинка и притиснете <u>„Најви се“</u>.**
2. **Доколку имате креирано профил, но сте ја заборавиле лозинката, притиснете на полето <u>„Заборавена лозинка“</u> преку кое ќе Ви се отворени ново поле каде ќе ја внесете Вашата меил адреса, на која ќе Ви биде испратен линк за рестартирање на лозинката.**
3. **Доколку воопшто немате креирано профил притиснете на полето „Регистрирај се“ каде Ви се овозможени две опции:**

- **Првата е да се регистрирате преку Вашиот УЈП профил,**
- **Втората да креирате нов профил, за кој потребно е да го одберете полето „Високо“**

**Напомена – сите граѓани кои барем еднаш пријавувале данок во Управата за јавни приходи или ја користат апликацијата „Мој ДДВ“, веќе имаат регистриран профил на УЈП**




Слика 2

**III. чекор**

**Откако ќе се Најавите, во полето за пребарување внесете го документот кој го пребарувате - целосно или скратено :**

**„Уверение од кривична евиденција“** или само **„кривична евиденција“,**

**„Потврда од казнена евиденција“** или само **„казнена евиденција“,**

**„Потврда од евиденција за изречена прекршочна санкција што се состои во забрана на вршење на професија, дејност или должност“** или само **„прекршочна санкција“**

**и притиснете Enter**

**При што ќе Ви се отвори бараниот документ, а Вие треба да одберете дали документот го барате како физичко или правно лице:**




Слика 3

## IV. чекор

**Откако ќе го изберете потребниот документ за кој сакате да поднесе барање, притиснете на полето *<u>„Апликирај“</u>***




Слика 4

**V. чекор**

**Внесете ги Вашите лични податоци односно Име, Презиме, ЕМБГ, податоци за Татко и Мајка, место на раѓање.**

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО – На првото поле – „Избери институција“ – Изберете го Основен кривичен суд Скопје ( доколку сте родни во Скопје ) и наведете „Цел на потврдата“ односно за што Ви е потребна бараната потврда/уверение ( Слика 6 )**




Слика 5




Слика 6

**На крај притиснете го полето “Поднеси”.**

**VI. чекор**

**Сега се појавува барањето во изворна форма како би изгледало кога би го поднесувале во пишана форма. Оваа страна користи за последна проверка на внесените податоци, по што повторно се притиска на полето <u>“Потврди”</u> .**




Слика 7

**VII. чекор**

**Плаќање. Одберете една од двете понудени банки. Доколку не сте корисник на услугите на една од понудените банки можете да ја изберете било која. ( Слика 8 )**

**Подолу во оваа форма се гледа колку изнесува самото уверение и трошокот  т.е провозијата за самото уверение. По што притискате на полето <u>“Потврди”</u> . ( Слика 9 )**

**Откако ќе ја потврдите сумата притиснете на полето <u>„Продолжи кон плаќање“</u> ( Слика 10 )**




Слика 8




Слика 9




Судница 10

**VIII. Чекор**

**Последна точка во која ги внесувате податоците од Вашата платежна картичка и го притискатa полето „<u>Потврди</u>“, при што добивате потврда дека плаќањето е успешно и следниот ден бараниот документ, во електроснка форма го добивате на Вашата меил адреса .**




**Со почит**

**Основен кривичен суд Скопје**